# *СЛУЖБЕН ГЛАСНИК*
# *НА ОПШТИНА ПЕХЧЕВО*


**Службен гласник на Општина Пехчево** | **Среда 29 април 2015 год.** | **Уредува:**

**ПЕХЧЕВО**

**Излегува по потреба** | **Бр.04** | **Год.2015**

**Гласникот е бесплатен**

**Стручна служба при Општина Пехчево**
**тел. (033)441-321**


Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локлана самоуправа (Сл.Весник на РМ,, бр.5/2002), и член 50 од Статутот на општина Пехчево („Сл.Гласник на општина Пехчево,, бр.04/09 и 05/14), Градоначалникот на општина Пехчево донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на актите од Советот на општина Пехчево**

Се објавуваат актите донесени од Советот на општина Пехчево на седницата одржана на ден 23.04.2015 година, во Службен Гласник на општина Пехчево и тоа:

1. Одлука за усвојување на кварталниот извештај за усвојување на буџетот на општина Пехчево прв квартал 01.01.2015 до 31.03.2015 година;
2. Одлука за ребаланс на буџетот на општина Пехчево за 2015 година;
3. Одлука за продажба на недвижен ствар Караула „Ченгино Кале", недвижен имот евидентиран во ИЛ 2423, Ко Пехчево;
4. Одлука за именување на член на финансово – материјален одбор во ЈПУД Равен – Пехчево;
5. Одлука за давање на сгласност на Статутот на ЈКП „Комуналец" – Пехчево (пречистен текст);
6. Одлука за именување на член на управен одбор на ЈКП „Комуналец" – Пехчево;
7. Одлука за донесување на Регионален план за управување со отпад во Источен плански регион;
8. Одлука за верификација на мандат на член на советот на општина Пехчево.

***Број 09-679/1***
***24.04.2015 год.***
***Пехчево***

***Градоначалник на***
***Општина Пехчево***
***Игор Поповски с.р.***

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локлана самоуправа (Сл.Весник на РМ,, бр.5/2002), и член 50 од Статутот на општина Пехчево („Сл.Гласник на општина Пехчево,, бр.04/09 и 05/14), Градоначалникот на општина Пехчево донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**

за објавување на одлуката усвојување на кварталниот извештај за усвојување на буџетот на општина Пехчево прв квартал 01.01.2015 до 31.03.2015 година

Се ОБЈАВУВА одлуката за усвојување на кварталниот извештај за усвојување на буџетот на општина Пехчево прв квартал 01.01.2015 до 31.03.2015 година, што Советот на општината ја донесе на седницата одржана на ден 23.04.2015 година.

***Број 09 -679/1*** — ***Градоначалник на***
***24.04.2015 год.*** — ***Општина Пехчево***
***Пехчево*** — ***Игор Поповски с.р.***

---

Врз основа на член 36 став 1 точка 2 од Законот за локална самоуправа („Сл.Весник на Р.М бр.05/02,,) и член 30 став 1 точка 4 од Статутот на општина Пехчево („Сл.Гласник на општина Пехчево бр. 04/09 и 05/14”), Советот на општина Пехчево на седницата одржана на ден 23.04.2015 година ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
**за усвојување на Кварталниот Извештај за извршување на Буџетот на општина Пехчево за прв квартал во 2015 година од 01.01.2015 до 31.03.2015 год. (кумулативно)**

**Член 1**

Советот на општина Пехчево го усвојува кварталниот извештај за извршувањето на буџетот на општина Пехчево за период 01.01.2015 до 31.03.2015 година, прв квартал (кумуналтивно).

**Член 2**

Кварталниот извештај за извршување на буџетот за период период 01.01.2015 до 31.03.2015 година е составен дел од оваа одлука.

**Член 3**

Оваа одлука стапува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен Гласник на општина Пехчево”.

***Број 08-671/1*** — ***Совет на Општина Пехчево***
***24.04.2015год.*** — ***Претседател,***
***Пехчево*** — ***Стојче Стефановски с.р***

---

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локлана самоуправа (Сл.Весник на РМ,, бр.5/2002), и член 50 од Статутот на општина Пехчево („Сл.Гласник на општина Пехчево,, бр.04/09 и 05/14), Градоначалникот на општина Пехчево донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**

за објавување на одлуката за ребаланс на буџетот на општина Пехчево за 2015 година

Се ОБЈАВУВА одлуката за ребаланс на буџетот на општина Пехчево за 2015 година, што Советот на општина Пехчево ја донесе на седницата одржана на ден 23.04.2015 година.

***Број 09-679/1*** — ***Градоначалник на***
***24.04.2015 година*** — ***Општина Пехчево***
***Пехчево*** — ***Игор Поповски с.р.***

---

Врз основа на член 36 став 1 точка 2 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ “ бр.5/2002), член 28 став 1 Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа („Службен весник на РМ “бр.61/2004, 96/2004 и 67/2007) и член 30 став 1точка 4 од Статутот на општина Пехчево („Службен гласник на општина Пехчево“ бр.04/09 и05/14 ), Советот на општина Пехчево на седница одржана на 23.04.2015 година донесе:

**О Д Л У К А**
**за усвојување на измените и дополнувањата на Буџетот на општина Пехчево за 2015 година – Ребаланс на Буџетот**

**Член 1**

Советот на општина Пехчево ги усвојува измените и дополнувањата на буџетот на општината за 2015 година.

**Член 2**

Составен дел од оваа Одлука се измените и дополнувањата на буџетот на општина Пехчево за 2015 година.

**Член 3**

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавување во Сл. „Гласник на општина Пехчево’’ .

***Број 08-670/1***
***24.04.2015год.***
***Пехчево***

***Совет на Општина Пехчево***
***Претседател,***
***Стојче Стефановски с.р***

---

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локлана самоуправа (Сл.Весник на РМ„ бр.5/2002), и член 50 од Статутот на општина Пехчево („Сл.Гласник на општина Пехчево„ бр.04/09 и 05/14), Градоначалникот на општина Пехчево донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**
за објавување на одлуката за за продажба на недвижен ствар Караула „Ченгино Кале”, недвижен имот евидентиран во ИЛ 2423, Ко Пехчево

Се ОБЈАВУВА одлуката за продажба на недвижен ствар Караула „Ченгино Кале”, недвижен имот евидентиран во ИЛ 2423, Ко Пехчево, што советот на општината ја донесе на седницата одржана на ден 23.04.2015 година.

***Број 09- 679/1***
***24.04.2015 година***
***Пехчево***

***Градоначалник на***
***Општина Пехчево***
***Игор Поповски с.р.***

---

Врз основа на член 36 став 1 точка 10 и член 66 од Законот за локална самоуправа („ Службен Весник на Република Македонија” бр.05/2002), член 42-а, 42-б, 42-в, 42-г, 42-д и 42-ѓ и член 93 - а од Законот за користење и располагање со стварите на државните органи („ Службен Весник на Република Македонија” бр.8/2005......27/2014), член 30 став 1 точка 30 од Статутот на општина Пехчево, (Службен Гласник на општина Пехчево бр.05/2002 и 05/2014), советот на општина Пехчево на седницата одржана на ден 23.04.2015 година донесе:

**О Д Л У К А**
**за продажба на недвижна ствар**

**Член 1**

Советот на општина Пехчево донесе одлука за продажба на недвижна ствар, сопственост на општина Пехчево.

**Член 2**

Ќе се врши продажба на следната недвижна ствар, сопственост на општина Пехчево:

- Караула „Ченгино Кале”, недвижен имот евидентиран во ИЛ 2423, Ко Пехчево:
  - Објект бр.1 на КП 3470, кат:ПР, со внатрешна површина од 37 м2;
  - Објект бр.1 на КП 3470, кат: ПР, со внатрешна површина од 158 м2;
  - Објект бр.2 на КП 3470 кат: ПР, со внатрешна површина од 141 м2;

- Земјиште на КП 3470, со вкупна површина од 30.517 м2.

**Член 3**

Комисијата за располагање со недвижни и движни ствари, сопственост на општина Пехчево, формирана од Градоначалникот на општина Пехчево ќе распише јавен оглас за продажба на наведената недвижна ствар од член 2 од оваа Одлука, во кој ќе се наведат условите, периодот и почетната цена на недвижната ствар, согласно Законот за користење и располагање со стварите на државните органи.

**Член 4**

Оваа одлука влегува во сила осминот ден од денот на објавување во Службен Гласник на општина Пехчево.

***Број -08-676/1***
***24.04.2015 година***
***Пехчево***

***Совет на Општина Пехчево***
***Претседател,***
***Стојче Стефановски с.р.***

---

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локлана самоуправа (Сл.Весник на РМ,, бр.5/2002), и член 50 од Статутот на општина Пехчево („Сл.Гласник на општина Пехчево,, бр.04/09 и 05/14), Градоначалникот на општина Пехчево донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**

за објавување на одлуката за именување на член на финансово – материјален одбор во ЈПУД Равен – Пехчево

Се ОБЈАВУВА одлуката за именување на член на финансово – материјален одбор во ЈПУД Равен – Пехчево , што Советот на општина Пехчево ја донесе на седницата одржана на ден 23.04.2015 година.

***Број 09-679/1***
***24.04.2015 година***
***Пехчево***

***Градоначалник на***
***Општина Пехчево***
***Игор Поповски с.р.***

---

Врз основа на член 36 став 1 точка 5 од Законот за локална самоуправа (Сл.весник на РМ бр.05/2002) и член 30 став 1 точка 26 од Статутот на општина, Пехчево (Сл.гласник на општина Пехчево бр04/09 и 05/14),Советот на општина Пехчево на седницата одржана на 23.04.2015 година донесе:

**О Д Л У К А**
**за именување на член на финансово - материјален одбор во ЈПУД „Равен" - Пехчево**

**Член 1**

Со оваа одлука, Советот на Општина Пехчево именува член на финансово - материјален одбор во ЈПУД „Равен" – Пехчево.

**Член 2**

За член на финансово - материјален одбор во ЈПУД „Равен" – Пехчево, советот ја именува:

- Викторија Гошевска

**Член 3**

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавување во Сл. „Гласник на општина Пехчево''.

***Број 08-675/1***
***24.04.2015 год.***
***Пехчево***

***Совет на Општина Пехчево***
***Претседател,***
***Стојче Стефановски с.р.***

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локлана самоуправа (Сл.Весник на РМ,, бр.5/2002), и член 50 од Статутот на општина Пехчево („Сл.Гласник на општина Пехчево,, бр.04/09 и 05/14), Градоначалникот на општина Пехчево донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**

за објавување на одлуката за давање на сгласност на Статутот на ЈКП „Комуналец" – Пехчево (пречистен текст);

Се ОБЈАВУВА одлуката за давање на сгласност на Статутот на ЈКП „Комуналец" – Пехчево (пречистен текст), што Советот на општината ја донесе на седницата одржана на ден 23.04.2015 година.

***Број 09-679/1***
***24.04.2015 год.***
***Пехчево***

***Градоначалник на***
***Општина Пехчево***
***Игор Поповски с.р.***

---

Врз основа на член 36 став 1 точка 4 од Законот за локална самоуправа (Сл.весник на РМ бр.05/2002) и член 30 став 1 точка 25 од Статутот на општина, Пехчево (Сл.гласник на општина Пехчево бр04/09 и 05/14),Советот на општина Пехчево на седницата одржана на 23.04.2015 година донесе:

**О Д Л У К А**
**за давање на согласност на Статутот на ЈКП „Комуналец" – Пехчево (пречистен текст)**

**Член 1**

Со оваа одлука, Советот на Општина Пехчево дава согласност на Статутот на ЈКП „Комуналец" – Пехчево (пречистен текст).

**Член 2**

Статутот на ЈКП „Комуналец" – Пехчево (пречистен текст), е составен дел од оваа одлука.

**Член 3**

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавување во Сл. „Гласник на општина Пехчево''.

***Број 08-673/1***
***24.04.2015 год.***
***Пехчево***

***Совет на Општина Пехчево***
***Претседател,***
***Стојче Стефановски с.р.***

---

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалана самоуправа (Сл.Весник на РМ,, бр.5/2002), и член 50 од Статутот на општина Пехчево („Сл.Гласник на општина Пехчево,, бр.04/09 и 05/14), Градоначалникот на општина Пехчево донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**

за објавување одлуката за именување на член на управен одбор на ЈКП „Комуналец" – Пехчево

Се ОБЈАВУВА одлуката за именување на член на управен одбор на ЈКП „Комуналец" – Пехчево, што Советот на општината ја донесе на седницата одржана на ден 23.04.2015 година.

***Број 09-679/1***
***24.04.2015 год.***
***Пехчево***

***Градоначалник на***
***Општина Пехчево***
***Игор Поповски с.р.***

Врз основа на член 36 став 1 точка 5 од Законот за локална самоуправа (Сл.весник на РМ бр.05/2002) и член 30 став 1 точка 26 од Статутот на општина, Пехчево (Сл.гласник на општина Пехчево бр04/09 и 05/14),Советот на општина Пехчево на седницата одржана на 23.04.2015 година донесе:

**О Д Л У К А**
**за именување на член на управен одбор на ЈКП „Комуналец" - Пехчево**

**Член 1**
Со оваа одлука, Советот на Општина Пехчево именува член на управен одбор на ЈКП ,,Комуналец" – Пехчево.

**Член 2**
За член на управниот одбор на ЈКП ,,Комуналец" – Пехчево, советот го именува:
- Тони Стефановски

**Член 3**
Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавување во Сл. ,,Гласник на општина Пехчево''.

***Број 08-674/1*** — ***Совет на Општина Пехчево***
***24.04.2015 год.*** — ***Претседател,***
***Пехчево*** — ***Стојче Стефановски с.р.***

---

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локлана самоуправа (Сл.Весник на РМ,, бр.5/2002), и член 50 од Статутот на општина Пехчево (,,Сл.Гласник на општина Пехчево,, бр.04/09 и 05/14), Градоначалникот на општина Пехчево донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
за објавување одлуката за донесување на Регионален план за управување со отпад во Источен плански регион

Се ОБЈАВУВА одлуката за донесување на Регионален план за управување со отпад во Источен плански регион, што Советот на општината ја донесе на седницата одржана на ден 23.04.2015 година.

***Број 09-679/1*** — ***Градоначалник на***
***24.04.2015 год.*** — ***Општина Пехчево***
***Пехчево*** — ***Игор Поповски с.р.***

---

Врз основа на член 18-а став (1) од Законот за управување со отпад („Службен весник на РМ" бр.68/04, 197/07, 102/08, 143/08, 124/10, 51/11, 123/12 и 163/13) и во врска со член 18-а став (4) и Решението за одобрување на Регионалниот план за управување со отпад во Источен регион број 11-8796/4 од 29.10.2014 година на Министерството за животна средина и просторно планбирање, како и врз основа на член 30 став 1 точка 42 од Статутот на Општина Пехчево,(Сл.гласник на општина Пехчево бе.04/09 и 05/14), Советот на Општина Пехчево усвојува:

**О Д Л У К А**
**за донесување на Регионален план за управување со отпад**
**во Источен плански регион**

1. Се донесува Регионалниот план за управување со отпад во Источен плански регион, број EuropeAid/130400/D/SER/MK од 03.09.2014 година.
2. Регионалниот план за управување со отпад во Источен регион се донесува за период од 10 години.
3. Регионалниот план за управување со отпад во Источен плански регион е изработен во рамките на проектот „Подготовка на регионални планови за управување со отпад и стратегиски оцени на животната средина за Источен и Североисточен регион" со број EuropeAid/130400/D/SER/MK, финансиран Инструментот за предпристапна помош (ИПА) од Европската Унија, приоритетна оска 3.2, а изработен од страна на конзорциумот Enviroplan S.A, C&Econsulting and Engineering Gmbh и BT Engineering Ltd kako конзорциумски партнери.

4. Со Регионалниот план за управување со отпад во Источен плански регион се уредуваат и усогласуваат заедничките цели во управувањето со отпадот на сите општини во Источниот плански регион, согласно со Стратегијата за управување со отпад и Планот за управување со отпад на Република Македонија.
5. Покрај општините од Источен плански регион, кои воедно припаѓаат и на регионот за управување со отпад според Планот за управување со отпад на Република Македонија, во идната планска и друга документација за регионалното управување со отпад, се приклучува и Општина Свети Николе, врз основа на Одлука бр.0701-305 од 25.04.2014 година на Советот на Општина Свети Николе, Одлука број 01-1/2 од 28.03.2014 година на Регионалниот одбор за управување со отпад во Источен плански регион а по претходна Согласност број 11-11888/2 од 23.12.2013 година од Министерството за животна средина и просторно планирање.
6. Регионалниот план за управување со отпад содржи прецизни податоци, опис и оцена на постојната состојба со управувањето со отпадот во сите општини од Источниот плански регион, како и предвидувања на идните состојби во врска со управувањето со отпадот.
7. Регионалниот план за управување со отпад содржи насоки и цели во врска со управувањето со отпад како и временски распоред за постигнување на целите, начин на реализација на предвидените мерки и начин на постигнување на целите за постапување со посебните видови на отпад, временскиот распоред и обемот на нивното извршување.
8. Регионалниот план опфаќа и активности кои што ќе се преземат од страна на единиците на локална самоуправа, мерки за едукација и за подигање на јавната свест за управување со отпадот како и процена на трошоците за операциите на преработка и отстранување на отпадот во општините од Источниот регион.
9. Одлуката стапува во сила, осмиот ден од денот на објавување со Сл.гласник на општина Пехчево.

*Број 08-672/1*
*24.04.2015 год.*
*Пехчево*

*Совет на Општина Пехчево*
*Претседател,*
*Стојче Стефановски с.р.*

---

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локлана самоуправа (Сл.Весник на РМ,, бр.5/2002), и член 50 од Статутот на општина Пехчево („Сл.Гласник на општина Пехчево,, бр.04/09 и 05/14), Градоначалникот на општина Пехчево донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**

за објавување на одлуката за верификација на мандат на член на советот на општина Пехчево

Се објавува одлуката за верификација на мандат на член на советот на општина Пехчево, , што Советот на општината ја донесе на седницата одржана на ден 23.04.2015 година.

*Број 09-679/1*
*24.04.2015 год.*
*Пехчево*

*Градоначалник на*
*Општина Пехчево*
*Игор Поповски с.р.*

---

Врз основа на член 33 став 1 од Законот за локална самоуправа („ Сл.Весник на РМ” бр.05/2002), член 15 став 1 од Статутот на општина Пехчево („Сл.Гласник на општина Пехчево” бр.04/09 и 05/14) и уверението на Општинската изборна комисија бр.09-471/1 од 25.03.2015 година, Советот на општина Пехчево на седницата одржана на 23.04.2015 година донесе:

**О Д Л У К А**
**за верификација на мандат на член на советот на општина Пехчево**

**Член 1**

СЕ ВЕРИФИКУВА мандатот на член на советот на општина Пехчево.
Верификацијата се однесува на следниот советник:

1. Владо Таковски – Коалиција ВМРО ДПМНЕ

**Член 2**

Мандатот на советникот трае до наредните локални избори.

**Член 3**

Одлуката влегува во сила осмиот ден, од денот на објавување во Службен гласник на општина Пехчево.

.

***Број 08-677/1***
***24.04.2015 год.***
***Пехчево***

***Совет на Општина Пехчево***
***Претседател,***
***Стојче Стефановски с.р***

**СОДРЖИНА:**

---

---


- Одлука за усвојување на кварталниот извештај за усвојување на буџетот на општина Пехчево прв квартал 01.01.2015 до 31.03.2015 година……………………………………………………2
- Одлука за ребаланс на буџетот на општина Пехчево за 2015 година……………………………..3
- Одлука за продажба на недвижен ствар Караула ,,Ченгино Кале”, недвижен имот евидентиран во ИЛ 2423, Ко Пехчево………………………………………………………………………3
- Одлука за именување на член на финансово – материјален одбор во ЈПУД Равен – Пехчево….4
- Одлука за давање на сгласност на Статутот на ЈКП ,,Комуналец” – Пехчево (пречистен текст)……………………………………………………………………………………………...5
- Одлука за именување на член на управен одбор на ЈКП ,,Комуналец” – Пехчево………………6
- Одлука за донесување на Регионален план за управување со отпад во Источен плански регион……………………………………………………………………………………………6
- Одлука за верификација на мандат на член на советот на општина Пехчево……………………7